# МИСИОНСКИ
## СТИХОВИ





ЧЕТВРТО ТРИМЕСЕЧЈЕ 2017

*40. Сабота, 7 октомври 2017*

## БОЖЈАТА ПЕРСПЕКТИВА ТРЕБА ДА СТАНЕ НАША ПЕРСПЕКТИВА

О, кога би ги сфатиле потребите на овие градови како што Господ гледа на тоа! Во време какво што е денешното, сите раце мораат да бидат зафатени со работа. Господ доаѓа, крајот се ближи, и тоа мошне брзо! Уште малку и нема да можеме да работиме со таква слобода каква што уживаме денеска. Пред нас се тешки денови и тоа што го правиме треба да го правиме побрзо" (*Сведоштва за црквата*, книга 9, стр. 101; 1909).

**Мнозина не чувствуваат товар за душите.** Потребно е да се работи во големите градови веднаш штом црквите ќе ја примат светлината; меѓутоа, мнозина не чувствуваат товар за душите; и сатаната, увидувајќи дека се подложни на неговите искушенија, го упропастил нивниот живот. Бог бара од Својот народ да се покае, да се обрати и да ѝ се врати на својата прва љубов што ја оставил, одбивајќи да оди по стапките на самопожртвуваниот Откупител" (*Сведоштва за црквата,* книга 9, стр. 140; 1909).

**Малку внимание им се посветува на големите градови.** Постои голема потреба евангелието да им биде објавено на жителите на градовите и мораме да обрнеме внимание на тоа! Повеќе од дваесет години ми беше укажувано дека се потребни ревни работници кои ќе дејствуваат меѓу мноштвото во градовите. Кој го чувствува и го носи товарот за тие големи градови? Малкумина сфаќаат дека тоа им е должност, но, во споредба со големината на потребата и многубројните можности, малку внимание се посветува на ова дело (*Сведоштва за црквата,* книга 9, стр. 97. 98; 1909).

**Работата во градовите заостанува зад Божјиот план.** Секогаш ми беше посочувана важноста на потребата да го пробиеме патот во големите градови. Веќе многу години Господ силно нѐ повикувал да ја извршиме оваа должност, а сепак гледаме дека во големите населени центри главно малку е постигнато. Ако не почнеме решително да работиме на ова, сатаната ќе ги умножи тешкотиите кои нема лесно да се надминат. Ние многу заостануваме во извршувањето на работата што требаше да се оствари во овие долго занемарувани градови. Работата сега ќе биде потешка отколку што беше пред неколку години. Меѓутоа, ако се впрегнеме на работа во Господовото име, пречките ќе се скршат и ќе оствариме вистински победи“ (Letter 148, 1909; Medical Ministry, стр. 301. 302).

*41. Сабота, 14 октомври 2017*

## НА ГРАДОВИТЕ ИМ Е ПОТРЕБНА СЕРИОЗНА МОЛИТВА И ПОМОШ

Товарот што го носиме за душите кои не се спасени е премногу лесен. Никогаш не постоело време кога на светот сме му биле попотребни како денес. Насекаде околу нас се шират неопоменати градови. Душите гинат, а ние, што правиме? Потребно е да чувствуваме товар за овие души, каков што многумина од нас никогаш не го искусиле...

Немаме ни половина од верата во овие вистини. Кога би верувале целосно, би упатувале многу повеќе молитви и би имале далеку поголема ревност во обидите овие вистини да им ги однесеме на жителите на градовите во нашата земја. Бог сега нѐ повикува да започнеме со голема работа во градовите (Manuscript 23, 1910).

**Во градовите треба да се работи без одложување.** Пораката, која ми беше наложено да му ја однесам на нашиот народ во ова време, гласи: работете во градовите без одложување, зашто времето е кратко. Господ ни укажуваше на оваа работа во последните дваесет и повеќе години. Во неколку места малку е направено, иако можеше многу повеќе да се стори. Носам товар ден и ноќ, бидејќи толку малку е направено за жителите на нашите големи населени центри да се опоменат за судовите кои ќе паднат врз престапниците на Божјиот закон" (Letter 168, 190; Medical Mistry, стр. 300).

**Пораката треба брзо да се пренесе.** Господ ми покажа дека во градовите мораме да ја извршиме работата што едвај сме ја започнале. Оваа потреба за работа во градовите треба да стане огнено прашање меѓу нас. Не смееме сега да создаваме долги и развлечени планови. Пораката мора брзо да ја однесеме. Долгото одложување на Господовите упатства во врска со работата во градовите ги отежнало напорите да се допре до сите групи. Работата мора да се започне веднаш, а Господ ќе повика посветени работници кои ќе се вклучат со сериозни напори во согласност со светлината што Тој ја дал" (Letter 42, 190; Manuscript Releases, том 17, стр. 37).

*42. Сабота, 21 октомври 2017*

## СЕКАДЕ СЕ ПОТРЕБНИ РАБОТНИЦИ

Каде и да се наоѓа Божјиот народ, било во пренаселените градови, во селата или на споредни селски патишта, тука постои и домашно мисионско поле, за кое, според Господовиот налог, неговиот народ е одговорен. Во секој град или населба каде што христијаните се состануваат да го обожаваат Бога,

постојат луѓе, жени и деца кои треба да се доведат во стадото. Мнозина никогаш не слушнале за вистината, за Божјата реч (Manuscript 87, 1907; Manuscript Releases, том 6, стр. 323).

**Спасението треба да им се понуди на жителите на градовите.** Чувствувам најдлабока загриженост кога размислувам за градовите во кои сè уште не се работело. Ден и ноќ го чувствувам товарот дека – во градовите мора да се работи без одложување. Пораката за сегашната вистина мора да им ја однесеме на оние кои сè уште не ја чуле...

Спасението е наменето и за жителите на градовите во кои уште не сме работеле. Времето брзо преминува во вечност, а едвај некој да допрел до овие градови. Постои сила која Божјиот Дух може да ѝ ја даде на вистината. Како што светлината блеснува во умот, така силното осведочување, на кое не можеме да му се спротивставиме, ќе ги освои срцата (Letter 150, 1909).

**Пораката ќе ги осведочи слушателите.** Во нашите големи градови веста треба да напредува како запален светилник. Бог за оваа работа ќе ги покрене своите соработници, пред кои ќе одат неговите ангели. Никој нека не ги попречува овие Божји пратеници. Не попречувајте ги! Бог им одредил работа. Пораката нека ја обават во сила доволно слушателите да ги осведочи за вистината (Review and Herald, 30. септември 190; Евангелизам, стр. 70. ориг).

**Сатаната тежне илјадници да останат во темнина.** Илјадници луѓе во нашите греови се оставени во темнина, а одложувањето му одговара на сатаната, бидејќи тоа одложување остава прилика во тие полиња да влијае на луѓето од авторитет, преку кои може да ги унапреди своите планови. Можеме ли сега да се потпреме на своите луѓе кои се на одговорни позиции, дека понизно и благородно ќе го извршат својот дел од работата? Стражарите нека се разбудат. Никој нека не биде рамнодушен кон приликите. Треба да се случи темелно будење меѓу браќата и сестрите во сите наши цркви (Manauscript 21,

191; Medical Ministyr, стр. 302).

**Уште не сме биле сведоци за моќни резултати на евангелизмот во градовите.**

Нема промена во пораката која што Бог ја испратил во минатото. Работата во градовите е неопходно дело за ова време. Ако во градовите се работи онака како што Бог сака, ќе бидеме сведоци за активирање на толку моќно движење какво што никогаш досега не сме виделе... (Letter 46, 1910; Medical Ministry, стр. 304).

Знаците кои го навестуваат второто Христово доаѓање брзо се исполнуваат. Треба ли народот да се остави во незнаење во поглед на големите настани кои му претстојат, да се остави неподготвен за тој страшен ден? Небото за спасение на светот дало најмногу што може да се даде. Зар оние кои тврдат дека го љубат Бога и ги држат Неговите заповеди можат да бидат рамнодушни кон душите на луѓето? Не, не, тие не смеат да бидат рамнодушни! (*Сведоштва за црквата*, книга 9, стр. 42).

*43. Сабота, 28 октомври 2017*

## „БОГ СО НАС”

**Матеј 1,21-23**

„Доаѓајќи да живее меѓу нас, Исус требало да им го открие Бога и на луѓето и на ангелите... Во почетокот Бог се открил во сите дела на создавањето...

Меѓутоа, кога ќе се одвратиме од сите помалку важни откровенија, тогаш го гледаме Бога во Исуса. Посматрајќи го Исуса, гледаме дека славата на нашиот Бог лежи во давањето.

Исус можел да  остане крај својот Отец. Тој можел да ја за-

држи небесната слава и почитувањето на ангелите. Меѓутоа, избрал да го врати жезалот во рацете на Отецот и да слезе од престолот на вселената за да може да им донесе светлина на оние кои се во мрак и живот на оние што гинат.

Славните ангели своја радост наоѓаат во давањето - во давањето на љубов и на неуморно бдеење над душите што паднале и ја загубиле својата светост. Небесните суштества се обидуваат да ги задобијат човечките срца; тие на овој мрачен свет му носат светлина од небесните дворови. Со својата љубезна и стрплива служба дејствуваат врз човечкиот дух така што загубените ги водат во заедница со Христа кој им е многу поблизу отколку што тие можат да претпоставаат.

Откако Исус дошол да живее меѓу нас, знаеме дека Бог ги познава нашите искушенија и сочувствува со нас во нашите жалости. Во секоја наука за милоста, во секое ветување за радоста, во секое дело на љубовта, во секоја божествена привлечна сила што се покажала во животот на Спасителот на земјата, ние гледаме дека 'Бог е со нас'...

Додека правел добро и ги лекувал сите оние што ги ујадил сатаната, Тој јасно им укажувал на луѓето на карактерот на Божјиот закон и на природата на својата служба...

Со својата човечка природа Христос го допрел човештвото, а со својата божествена природа бил поврзан со Божјиот престол. Како Син човечки, ни дал пример на послушност; како Син Божји ни дава сила да послушаме. 'Бог со нас' е гаранција на нашето ослободување од гревот, сигурност на нашата сила да го послушаме небесниот закон " (*Копнежот на вековите*, 7-15).

**Мисли за разговор, за молитва и за сведочење:**

1. Давањето е небесен принцип.
2. Откривање на Божјата слава.
3. Што е за мене најважно во ова проучување?

4. Како можам да ја откривам Божјата слава?

5. Што зборував минатата седмица за Исуса Христа?

*44. Сабота, 4. ноември 2017*

## ИЗБРАН НАРОД

**5. Мојсеева 26,19; 28,10; 4,6**

„Повеќе од илјада години еврејскиот народ го очекувал доаѓањето на Спасителот... Во песната и пророштвото, во црковниот обред, во домашната молитва, тој како драгоценост го чувал неговото име. Па сепак, при неговото доаѓање не го препознал.

Сепак, Бог го избрал Израел.Тој сакал овој народ да биде извор на спасение за овој свет. Тој требало да им го открие Бога на луѓето... Меѓутоа, Израелците своите надежи ги насочиле кон световна големина. Тие се оддалечиле од Божјите заповеди и пошле по патиштата на незнабожците. Попусто Бог им испраќал опомени преку своите пророци. Секоја реформа била придружувана со уште подлабок отпад.

Кога Изрел би му бил верен на Бога,...кога би биле послушни, Тој би ги издигнал 'над сите народи'. Меѓутоа, поради нивното неверство, Божјата намера можела да се оствари само низ постојани страдања и понижувања.

Тие се одведени во вавилонско ропство и расеани по земјите на незнабожците... Во текот на следните векови, тие страдале од угнетувања на незнабожечките непријатели, сè додека не стекнале цврсто уверување оти нивниот напредок зависи од послушноста кон Божјиот закон... За време на неволјите мнозина ја обновиле својата верност кон Неговиот завет.

По враќањето од Вавилон, големо внимание му било пос-

ветено на верското воспитување... За време на ропството многу луѓе ги прифатиле незнабожечките поими и обичаи и истите ги внеле во својата верска служба... Евреите го загубиле духовниот живот што произлегол од нивните обреди и цврсто се држеле за мртвите форми. Се потпреле исклучиво на жртвите и обредите, наместо да се потпрат врз Оној на кого укажувале тие жртви... Својата светост ја мереле со мноштво свои обреди, додека нивните срца биле исполнети со горделивост и со лицемерсто.

Иако го сакале доаѓањето на Месија, Евреите не ја сфатиле правилно неговата мисија..." (*Копнежот на вековите,* стр. 16-20).

**Мисли за разговор и за молитва**

1. Божјата намера со стариот Израел.
2. Каде згрешил стариот Израел?
3. Како Бог духовно го лечел стариот Израел?
4. Зошто Бог мене ме повикал да бидам спасен?

*45. Сабота, 11 ноември 2017*

## „КОГА СЕ НАВРШИ ВРЕМЕ"

**Галатите 4,4.5.**

„...Божјите намери не познаваат брзање ниту задоцнување... Провидението управувало со движењата на народите и со плимата на човечките побуди и влијанија сè додека светот не созреал за доаѓањето на Избавителот... Христос мора да дојде да изговори зборови што јасно и конечно ќе се разберат. Тој, Творецот на вистината, мора да ја одвои вистината од плевата на човечките умотворби што ја сториле неделотвор-

на. Начелата на Божјето владеење и планот на спасението мора јасно да се одредат...

Опаѓањето на моќта на Израел сведочело дека доаѓањето на Месија е близу. Малку имало такви кои ја разбрале природата на Христовата мисија, но затоа големо мноштво очекувало силен кнез кој ќе воспостави свое царство во Изрел и кој ќе дојде како ослободител на народите...

Веста за спасението им е објавена на луѓето преку човечки орудија. Меѓутоа, Евреите настојувале вистината за вечниот живот да остане исклучително  во нивна власт. Натрупале жива мана и таа се расипала. Верата што се обиделе да ја задржат само за себе сс претворила во соблазна. Тие го лишиле Бога од неговата слава и го измамиле светот со искривоколчено евангелие...

Измамата на гревот го достигнала својот врв... Пред целата вселена се покажало дека без Бога човештвото не може да се подигне. Оној што го создал светот мора да му подари нов елемент на живот и сила... Иако во секој дел на покорената земја можеле да се видат изопаченост и пркос, осигурен е начин за  нејзино закрепнување. Во мигот на кризата, кога се чинело дека сатаната ќе победи, Божјиот Син дошол како Пратеник на божествената милост... Наспроти изопаченоста на луѓето, постојано се покажувале знаци на милоста. А кога се навршило времето, Божеството се прославило со излевање на изобилство на изцелителна милост на светот, што никогаш нема да биде спречена или запрена додека не се изврши планот на спасението” (*Копнежот на вековите*,  стр. 21-26).

**Мисли за разговор и молитва:**

1. Не треба да се плашиме за иднината бидејќи го имаме живиот Бог.

2. Посведочи во групата како те водел тебе Бог.

3. Поука од однесувањето на Евреите кон живата мана.

4. Спореди го делувањето на гревот тогаш кога живеел Исус на земјава и во ова денешно време.

5. Божјето решение за грешниот свет.

*46. Сабота, 18 ноември 2017*

## „ДЕНЕСКА ВИ СЕ РОДИ СПАСОТ“

**Лука 1, 1-20**

Исус решил никаква привлечност на земната природа да не ги повика луѓето на Негова страна. Само убавината на небесната вистина треба да ги привлече оние што ќе го следат... Небесните весници вчудовидено ја посматрале рамнодушноста на тој народ што го повикал Бог да му ја открие на светот светлината на светата вистина... Свештениците и учителите на народот не знаеле дека наскоро треба да се одигра најголемиот настан на сите времиња. Тие ги повторувале своите бесмислени молитви и ги вршеле богослужбените обреди за да ги видат луѓето, но во својата борба за богатство и за световна чест не биле подготвени за откривање на Месија...

На полињата на кои момчето Давид го пасело своето стадо, пастирите сè уште чувале ноќна стража. Во текот на тие тивки часови разговарале за ветениот Спасител и се моleле за доаѓањето на Царот на Давидовиот престол. ‘ Наеднаш им пристапи ангел Господен... Ангелот им рече: не бојте се! Еве, ви носам голема радост за сиот народ, зашто денеска во градот Давидов ви се роди Спасителот - Христос Господ.’

Кога ги чуле овие зборови, душите на пастирите што слушале ги исполнила славата што произлегува од видението. На Израел му дошол Ослободителот. Со неговото доаѓање се поврзани сила, издигнување, победа. Меѓутоа, ангелот морал

да ги приготви својот Спасител да го препознаат во сиромаштво и понижување. 'И еве ви знак...'

Небесниот весник ги стивнал нивните стравувања... Полн со нежен обѕир кон нивната човечка слабост, тој им дал време да се привикнат на божествениот сјај...

Оддалеченоста меѓу небото и земјата денеска не е поголема отколку што била кога пастирите ја слушале ангелската песна.

Небото може да ни биде мошне близу и нам во нашето секојдневје. Историјата од Витлеем е неисцрпна тема... Ние се восхитуваме на жртвата на Спасителот... Неговото присуство ја прекорува човечката горделивост и самоувреност... Тој дошол со такво наследство да ги дели нашите таги и искушенија и да ни даде пример на безгрешен живот" (*Копнежот на вековите*, стр. 27-31).

**Мисли за разговор и молитва**

1. Спореди ја неподготвеноста на луѓето на нашето време да го дочекаат Спасителот со она време кога Исус за прв пат дошол на земјата.

2. Улогата на ангелите во планот на спасението.

3. Што сѐ опфаќа Христовата жртва?

4. Кога, кому и каде ќе зборуваш за Христовата љубов?

*47. Сабота, 25 ноември 2017*

## ПОСВЕТУВАЊЕ

**Лука 2,21-38**

Законот за посветувањето на првенците станал мошне значаен. Свое потекло води уште од најстарите времиња.

„Иако бил спомен на Господовото чудесно избавување на децата Израелови, тој го прикажува уште поголемото ослободување што ќе го извојува единородниот Божји Син... Детето за кое е платена откупнина било Оној кој ќе го плати откупот за гревовите на сиот свет...

Меѓутоа, оние што заземале положби на владетели и свештеници во Израел, иако пред себе ја имале драгоцената порака на пророштвата, не оделе по Господовиот пат и нивните очи не биле отворени да ја видат Светлината на животот.

Така е тоа и денеска. Верските водачи и оние што служат во Божјиот дом често не ги разликуваат настаните кон кои е насочено вниманието на целото небо, и тие незабележано заминуваат. Луѓето го признаваат Христа во историјата, но му го вртат грбот на живиот Христос. Христос кој во својата Реч повикува на самопожртвуваност, исто така упатува повик преку напатените кои бараат помош и преку праведните кои се упатени на сиромаштво, на труд и понижување. Но Тој воопшто денеска не е прифатен со поголемо одушевување отколку пред осумнаесет векови.

...Евреите не сакале да ја прифатат честа што е постигната со понижувањето. Зато и не можеле да го примат својот Откупител. ‘Да се откријат мислите на многу срца.’ Во светлината на животот на Спасителот се откриваат срцата на сите, почнувајќи од Творецот па до кнезот на темнината. Дарувањето на Христа го открива срцето на Отецот... Ние не сме лишени од ниедна вистина што е потребна за нашето спасение, не е знемарено ниедно чудо на милоста, не останало неупотребено ниедно божествено средство... Сета небесна ризница им е отворена на оние што Тој сака да ги спаси...

Со Христовиот живот и смрт се откриле мислите на луѓето. Христовиот живот бил повик на владеење со себеси и на заедница во страдањата... Со својот однос кон Христа сите ќе покажат на која страна се наоѓаат” (*Копнежот на вековите*, стр. 32-38).

**Мисли за разговор и за молитва**

1. Спореди го својот дар од Небото со својот дар кон Небото.

2. Како се запознава славата на духовното царство?

3. Разговарај за значењето на зборовите: "Да се откријат мислите на многу срца."

*48. Сабота, 2 декември 2017*

## „ЈА ВИДОВМЕ НЕГОВАТА ЅВЕЗДА"

**Матеј 2 глава**

„Среде темнината на незнабоштвото секогаш свети Божја светлина... Мудреците се израдувале за светлината на вистината испратена од небото... Додека пред себе ја имале ѕвездата како видлив знак, биле и внатрешно осведочени со Светиот Дух кој делувал на нивните срца и ги вдахнувал со надеж...

Свештениците и старешините во Ерусалим не биле толку неинформирани за Христовото доаѓање како што се преправале... Можеле сами да го најдат Исуса и подготвено да ги одведат мудреците до неговото родно место, но наместо тоа, мудреците дошле ним да им обрнат внимание на раѓањето на Месија...

Горделивоста и зависта сега ја затвориле вратата на светлината. Кога би покажале доверба кон вестите на пастирите и на мудреците, тие би ги довеле свештениците и рабините во мошне неповолна положба, докажувајќи спротивно на нивното тврдење дека се толкувачи на Божјата вистина. Овие образовани учители не сакале да се понизат да бидат поучувани од оние што тие ги сметале за незнабошци. Решиле да покажат презир кон веста што го вознемирувала царот Ирод

и цел Ерусалим. Дури и не посакале да одат до Витлеем и да видат дали е тоа така. Луѓето ги навеле интересирањето за Исуса да го прифатат како фанатично возбудување. Тука свештениците и рабините почнале да го отфрлаат Христа... Од тогаш нивната горделивост и тврдоглавост прераснале во длабоко всадена омраза кон Спасителот...

Сатаната се трудел да ја засолни божествената светлина пред светот и да ја употреби сета моќ на своето лукавство да го уништи Спасителот. Меѓутоа, Оној што никогаш не дреме и не спие, го чувал својот сакан Син... Со подароците на мудреците од незнабожечката земја Господ осигурил средтства за пат во Египет и за престој во таа туѓа земја. Бог посебно го цени подарокот на срцето што љуби, правејќи го најуспешно во службата за него. Ако нашето срце сме му го предале на Исуса, ние ќе му ги донесеме и нашите подароци. Нашето злато и сребро, нашиот најдрагоцен земен имот, нашите најголеми умни и духовни дарови, доброволно ќе му ги посветиме нему кој нè љубел и кој се дал себеси за нас” (*Копнежот на вековите*, стр. 40-47).

**Мисли за разговор и за молитва**

1. Размислувај за искрените луѓе во светот што го читаат Светото писмо.

2. Како горделивоста и зависта го затвораат срцето за светлината на евангелието?

3. Разговарај за ризниците на даровите што ги има Бог за објавување на евангелието.

*49. Сабота, 9 декември 2017*

## КАКО ДЕТЕ

*Лука 2, 39-40*

„...Бил жив и со проникли ум, а неговата разборитост и мудрост ги надминувале неговите години. Неговиот карактер бил урамнотежен и хармоничен... Како дете Исус се одликувал со исклучително привлечна природа. Неговите услужливи раце секогаш биле готови да им послужат на другите. Тој покажувал непоколеблива стрпливост и вистинољубивост која никогаш не би ја жртвувала чесноста. Во начелата цврст како карпа, неговиот живот откривал особина на несебична љубезност...

Детето Исус не примало поуки во школите на синагогите. Неговата мајка била негов прв земен учител. Тој небесните вистини ги учел од нејзините усни и од пророчките книги... Бидејќи стекнал знаење  на начин што ни е достапен и нам, неговото добро познавање на Писмото покажува колку трудољубиво ја проучувал Божјата реч во своите рани години... Секое дете може да стекне знаење како што го стекнал Исус...

Додека бил дете, мислел и зборувал како дете, но ниту најмалечка трага на грев не го расипувала Божјиот лик во него... Бил подложен на сите борби со кои се соочуваме и ние за да може да ни даде пример во детството, во младоста и во зрелоста.

Во неговиот трудољубив живот немало мигови на безделничење за да го повика искушението... Ниту заработувачката, ниту задоволството, ниту одобрувањето, ниту прекорот не можеле да го наведат да се согласи на лошо дело. Бил мудар да го препознае злото, а силен да му се спротивстави... Искушението, сиромаштвото, несреќите, се вистински систем на обука потребна за развивање на чистота и постојаност.

Дури ни во ракувањето со алатот не сакал да биде несовршен. Бил совршен како работник, како што бил совршен во карактерот...

Исус бил извор на исцелувачка милост за овој свет... Неговиот живот се излевал во потоци на сочувство и нежност... Исус е наш пример“ (*Копнежот на вековите*, стр.48-55).

**Мисли за разговор и за молитва**

1. Важноста на проучувањето на Божјата Реч со децата.

2. Исусовото детство како пример за нашите деца.

3. Благословите на работата и нејзиното влијание врз нашиот карактер.

4. Библиската вера, практичната побожност и секојдневниот живот.

*50. Сабота, 16 декември 2017*

## ТАКТИЧНОСТ И МУДРОСТ

„Исус не се притеснувал да ја каже вистината, но тоа секогаш го правел со љубов. Во своето однесување со луѓето бил мошне тактичен и им укажувал промислено и љубезно внимание. Никогаш не бил груб, никогаш не изговорил непотребно некој остар збор, никогаш не ѝ нанел непотребна болка на чувствителната душа.

Не ги осудувал човечките слабости. Ја зборувал вистината, но секогаш со љубов.

Ги жигосал лицемерството, неверноста и беззаконието; но, додека изговарал остри прекори, во неговиот глас се чувствувала болка. Плачел над саканиот град Ерусалим, кој одбил да

го прими него - Патот, Вистината и Животот. Го отфрлиле него, Спасителот, а Тој им пристапувал со нежност и сожалување. Животот му бил исполнет со самооткажување и со внимателна грижа за другите. Секоја душа била драгоцена во неговите очи. Иако секогаш внимавал на своето божествено достоинство, со најнежно внимание се наведнувал над секој припадник на Божјето семејство. Во секој човек гледал потклекната душа заради чиешто спасение дошол“ (Патот кон Христа, стр. 10.11).

**Мисли за разговор**

1. Како да се покаже денеска тактичност и мудрост во работата за ближните?

2. На кои сѐ начини да се изнесува денеска вистината?

3. Може ли Христовиот пример на придобивање души да биде и твој? Како може да се оствари тоа?

*51. Сабота, 23 декември 2017*

## „... КАЖУВАЈТЕ ГИ НЕГОВИТЕ ЧУДЕСА!“

Составен дел на нашето богослужение, не само во црквата туку и секој ден, е да ги „кажуваме Божјите чудеса“.

Покрај чудесата на создавањето, тука се и чудесата на одржување на вселената и на нашата планета. Посебно чудо е чудото на Божјата милост која ги спасува сите грешници што доаѓаат кај Него.

Нема можност секој верник, а ниту проповедник, да проповеда како Марк Финли и да го слушаат стотици и илјадници луѓе. Но за секој верник, како и проповедник, има едно место каде што може да сведочи за Бога и за спасението. Секој

може да почне во своето семејство или во кругот на луѓето меѓу кои се движи. Тоа може да биде на работното место, соседството каде што живее итн...

На човекот што го ослободил од демоните, Исус му рекол: „Оди дома и кажи им на своите како Бог те помилува.“

Ништо друго не е потребно да стори верникот на Христовата црква од тоа на другите да им каже што сторил Бог за него.

Духот на пророштвото кажува: „Штом некој ќе дојде кај Христа, во неговото срце се раѓа желба да им објави на другите каков драгоцен пријател нашол во Исуса. Спасоносната и посветувачка вистина не може да остане затворена во неговото срце.“

**Прашања за разговор**

1. На кои сè начини човек ја изразува својата среќа кога ќе го запознае Спасителот?

2. Какво е твоето размислување за текстот од 1. Тимотеј 5,8?

3. Дали можеш како Исус Навин да кажеш: „Јас и мојот дом ќе му служиме на Господа?“ Која е основата на тоа?

**Предлог:** Добро било учителот да состави список со имињата на домашните во семејствата на верниците, кои сè уште не му го предале срцето на Исуса. Добро е да се молиме во класата за тие души. Да се молиме во одредено време и дома во текот на седмицата за овој список.

*52. Сабота, 30 декември 2017*

## ПОСЕТА ЗА ВРЕМЕ НА ПРАЗНИКОТ ПАСХА

**Лука 2,41-51**

„Во тоа време една просторија, поврзана со Храмот, била одвоена за света школа според примерот на пророчките школи. Тука се собирале водечките рабини со своите ученици и овде дошло момчето Исус... Меѓутоа, Бог во Храмот го поучил Исуса. Она што го примил, веднаш почнал и да го дели.

Неговите прашања упатувале на длабоките вистини што долго биле замаглени, а што сепак биле од животно значење за спасението на душите. Секое прашање изнесувало пред нив една божествена поука, а вистината ја ставало во нов однос... Кога би ги следеле овие патокази на вистината што ги истакнал Тој, би предизвикале реформација во тогашната религија...

За Исусовите родители било природно Исуса да го сметаат како свое дете... Болката предизвикана со одвојувањето од него и благиот укор што го содржеле неговите зборови биле определени да ја втиснат во нивната душа светоста на она што им е доверено...

Кога Јосиф и Марија постојано би го насочувале својот ум кон Бога во размислување и молитва, тие би ја разбрале светоста на довербата што им е укажана и не би го загубиле Исуса од вид. Со немарноста на еден ден го загубиле Спасителот, но им биле потребни три дена макотрпно трагање да го најдат. Истото тоа се случува и со нас; со празните разговори, со озборувањето или со занемарувањето на молитвата, можеме во еден ден да го загубиме присуството на Спасителот, а ќе ни бидат потребни многу денови болно трагање за да го најдеме и повторно да го добиеме мирот што сме го загубиле.

Во нашето меѓусебно дружење мораме да внимаваме да не го заборавиме Исуса и лекомислено да испуштиме Тој да не е со нас. Кога толку многу ќе станеме окупирани со световното и не мислиме на Оној во кого е сосредоточена нашата надеж во вечен живот, се одвојуваме од Исуса и од небесните ангели... Тоа е причината за честа појава на обесхрабрувања меѓу божемните Христови следбеници.

За нас би било добро секој ден да поминеме еден час во размислување за Христовиот живот... Ако му припаѓаме на Христа, нашите најубави мисли ќе се занимаваат со него... Посматрајќи ја убавината на неговиот карактер, ние 'се преобразуваме во истиот тој лик, секогаш сѐ пославен'" (*Копнежот на вековите*, стр. 56-64).

**Мисли за разговор и за молитва**

1. Она што Исус го примал веднаш им ги пренесувал на другите.

2. Искуството на Марија и Јосиф кога го загубиле Исуса е поука за нас.

3. Зошто и од каде малодушност кај оние кои се во Христовата служба?

4. Колку време на ден поминуваме во размислување за Исуса? Што сѐ опфаќа нашето размислување?

**ГРАДИВО ЗА САБОТНА ШКОЛА**
**4/2017**

**Мисионски стихови**

Излегува тримесечно

***Издава:***
Христијанска адвентистичка
црква, црква на адвентистите
на седмиот ден

***Превод и подготовка:***
Мелита Томовска

***Одговара:***
Томе Трајков

***Адреса:***
Ул Влае 42
1000 СКОПЈЕ

***Тел/факс:***
+389 2 20 48 038

***E-mail:***
www.adventisti.org.mk

**ЗА ИНТЕРНА УПОТРЕБА**